# СТАРОЗАГОРСКИ МАКЕДОНСКИ ПОЕТСКИ КРУГ

**Васил Тоциновски**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Македонија*

The city of poets and linden trees, Stara Zagora, is one of the eminent Bulgarian cultural centers that has contributed many a name for Bulgaria's national literature, fostering many prominent poets. These include: Kiril Hristov, Nikolaj Liliev, Dimitar Povrzachov, Geo Milev, Ivan Hadzihristov, Ivan Mirchev. As a part of the large group of Macedonian denizens, within the city, who arrived through the semblance of many re-mappings of historical borders, whilst seeking one's own sense of belonging, a few literary names crop up. During the 1930s, a small group of authors is assembled, a group which will leave a lasting mark on the city's literary life, and in the interim years between the two World Wars, these men will leave their own mark on the cultural life within the greater Bulgarian state. The first indications of such literary activity, in regards to the Macedonian Poetry Circle from Stara Zagora, come to us though Konstantin Konjarov.

In the second half of the 1920s, a youth called Hristo Ognjanov, born in 1911, in the village of Tresonche, in Macedonia, comes to Stara Zagora. He matches the success of his brother Boris, finishing the five-year high school for a period of three years. The all-boys high school in Stara Zagora, 'Ivan Vazov', is characterized for its military discipline, but at the same time offering a rich cultural life. Beginning with 1921, a literary circle, with its own publication titled 'Echo' commenced with its work. Ognjanov stood out amongst the host of students and teachers as an authority figure, as a poet and as the publication's editor. During these times, Ognjanov writes, that three more Macedonian youths, born in Stara Zagora, proliferate their poetic stance: Serafim Grigorov, a son of a mason from Tresonche, Evgeni Stamatov, whose father was a mason from Galichnik, and Konstantin Konjarov, also the son of a mason, relocated from Rosoki. Amongst the four, as the most gifted one in the eyes of the literary public, comes Grigorov, who was a student of the vocational high school and the editor of the publication 'Nachalo'.

Градот на липите и на поетите Стара Загора е еден од значајните бугарските културни центри кој на својата национална литература и дал многу антологиски поети. Меѓу нив се: Кирил Христов, Николај Лилиев, Димитар Поврзачов, Гео Милев, Иван Хаџихристов, Иван Мирчев. Во големата македонска колонија стигната во него од многуте делби и преселби, а во потрага по сопствената егзистенција, ќе се пројават и неколку писателски имиња. Во триесеттите години на 20 век, формирана една мала група на автори кои ќе му дадат посебен белег на книжевниот живот во градот, а во годините меѓу двете светски војни ќе остават и сопствени траги во севкупното културно опстојување на Бугарија. Првите укажувања за старозагорскиот македонски поетски круг беа од Константин Коњаров.

Во втората половина на дваесеттите години во Стара Загора дошол *момчакот* Христо Огњанов, роден во 1911 година, во село Тресонче, Македонија. Тој го повторил успехот на својот брат Борис, завршувајќи ја петгодишната гимназија за три години. Старозагорската машка гимназија „Иван Вазов“ е каракатеристична по нејзиниот војнички режим, но и по богатиот културен живот. Од 1921 година, во неа дејствувал литературниот кружок кој го издавал својот гласник, списанието „Ехо“. Огњанов меѓу професорите и учениците се наметнал како име и авторитет, како поет и станал уредник на списанието. Во истото тоа време, пишува Коњаров, како поети се пројавуваат уште тројца млади Македонци, по раѓање старозагорци: Серафим Григоров, син на ѕидар од Тресонче, Евгени Стаматов, и неговиот татко бил ѕидар од Галичник и Константин Коњаров, исто така син на ѕидар, доселеник од Росоки. Од таа четворка како најдаровит книжевната критика го одбрала Григоров, кој учел во Трговската гимназија и го уредувал ученичкото списание „Начало“.1)

Во богатата коресподенција со Константин Коњаров сочувани се многу ретки и драгоцени податоци. Во 1928 година, во Софија почнува да излегува списанието „Родина” како орган на ВМРО, е еден од неговите уредници бил прилепчанецот Димитар Талев. „Тоа

списание го инспирира книжевното творештво на многу млади Македонци. Само во Стара Загора бевме четворица: тројца тресончани и еден росоклија. Од тие четворица младичи како најдаровит се потврди Серафим Григоров“.2) Во додавките кон писмото од 23 декември 1997 година, запишал многу значајни податоци од животот и творештвото на овие млади творци отфрлени (Христо Огњанов, Константин Коњаров) или заборавени (Серафим Григоров, Евгени Стаматов) во бугарската литература. За овој град своите животни и творечки врвици ги поврзале Крсто Белев и Богдан Баров.

Четворицата млади автори се врсници. Григоров, Стаматов и Коњаров се родени во 1910, а Огњанов во 1911 година. Првите тројца се деца на македонски откорнатици и нивните татковци по професија биле ѕидари, а само Огњанов е роден во Македонија. Првите творечки објави ги направиле во гимназиските години. Членувале во литературните кружоци, а Огњанов и Григоров биле уредници на нивните книжевни гласила. Се пројавиле како активисти во ВМРО и во Македонската младинска организација „Гоце Делчев“ во Стара Загора. Нивното дружење и би рекле, нивното книжевно дејствување се обединува и на страниците од списанието „Родина“ чиј уредник бил Димитар Талев. Како потврда на таа и таквата взаемност наведуваме два податока. Во 1929 година, списанието распишало конкурс за песна, расказ и напис со цел „да се прошири интресот и љубовта кон литературата, која го одразува македонскиот живот во сите негови пројави“. Во објавените резултати од конкурсот читаме дека „прва награда за најдобра стихотворба добива Серафим Григоров, ученик во осмиот клас на Старо Загорската гимназија. Тој е член на Макед.(онската) мл.(адинска) организација во градот“.3) На 4 февруари 1933 година, Македонската младинска организација „Гоце Делчев“ премиерно ја прикажала “новата македонска пиеса „Под мрачното небо“ од Димитар Талев. Евгени Стаматов ја играл улогата на Триногов.4)

Македонската свест и совест како возвишена етичка категорија е релевантната назнака на нивните животни и творечки врвици. Иако само Огњанов бил роден во Македонија, другите се родени во Стара Загора, мајчиното млеко и татковскиот збор во нив ја заоруваат најдлабоката бразда во сопственото конституирање и афирмирање на македонската национална мисла. Користејќи го туѓојазичниот исказ, јазикот на земјата во која се родиле, се школувале и на тој јазик пишувале, со тоа разбирливо и припаѓаат на бугарската литература, но пак со големата и единствена тема Македонија во своето творештво рамноправно се вклучуваат во традицијата и континуитетот на македонската литература. Станува збор за вечната категорија на дводомните писатели.

Настрана од сите историски измами и недоречености, македонската позиција цврсто ги обединува и со нивните најбележити творечки пројави во списанието „Родина“. Како илустрација одвојуваме повеќе примери. Еден од неговите постојани соработници бил и академскиот сликар Стојан Сотиров. „Сликата која ја донесуваме на насловната страница, е на млад и даровит македонски уметник“.5) или „Наталија Футекова, чија слика ја поместивме на насловната страница е млада и надежна уметничка. По потекло е Македонка“.6) Појавата на новото дело „Усилни години“ е најавено како „македонски роман од Димитар Талев“.7) Редакцијата посебно внимание посветувала на архивските материјали. Оттука „го свртуваме вниманието на читателите кон спомените на неодамна починатиот бележит македонски воин Аргир Манасиев“.8) Како ретко сведоштво забележана е тажната вест оти „на 27 м.(инатиот) м.(есец) во Александровата болница во Софија, умре познатиот македонски деец и писател Јордан Шурков, роден во Велес“.9)

Посветеноста на идеите и идеалите на татковината се содржани и во „една од прекрасните жртви на борбената млада Македонија во последниве две години, во одбрана на светата кауза што ја даде и Тома Ќумунџиев“.10) На страниците од списанието во четири продолженија Ил. Иванов го публикувал трудот „Македонија - независна држава“.11) Во веста за „Македонско(то) литературно читање“ меѓу учесниците се одвојуваа познатите на македонската младина поети, редовни соработници на нашето списание: Љ. Димитров и Живко Гелев“. Во постојаната рубрика „Наши уметници“ следува информацијата оти

акварелот е на Стојан Сотиров и „претставува еден дел од старото и романтично македонско гратче Мелник“.12)

Татковината се жедува од прогонуваните и откорнати чеда. Серафим Григоров ја живее како „маглив спомен“ со приказните и спомените на своите родители и копнее да стапне на таа света земја. Клета е судбината на туѓинецот. „Јас пат немам до тебе, / планински, роден крај!... / Каде ли бездомник ќе ме земе, / животот, во својот рај?...“ Се сонуваат родните ниви во кои зрее златниот пченкарен клас. “Под јужното небо минав дни сонувани / од никого помилуван ниту баран,- / очекував свои мигови жедувани и цели / и се искачував со сонцето по могили бели“. Јужното небо прераснува во симбол за татковината. Тој во себе ги содржи нејзиниот идентитет и непокор. „На југ, кон сините и волшебни краишта, / занесен во твоите бујнокласни ниви, / сега - сега да се вратам благословувајќи ги, / Татковино - жетвата и ќилимите диви“.

Христо Огњанов во 1938 година, ја издава стихозбирката „ужни ветрови“.14) Во последниот седми катрен од уводната песна која го има насловот на книгата, се одгласува заветот за оној сонуван и судбински миг кога „ќе дојдам со вас, о ветрови јужни“ во неминовноста од крајот на животот. Ќе падне како даб од молњи погоден на белите сончеви брегови. Судбината на откорнатикот импресивно е опеана и во песната за родното село „Тресонче“. Тоа е оној прекрасен крај каде со восхит ја пресретнал првата зора, каде лудо би се радувал да умре, а таму сега неговата мајка нерадосно живее. Водите на Вардар прераснале во легенда со која се обраќа во песната „Кон татковината“,15) како што соништата и копнежите по родната земја се престориле во неизлечива рана и неодболуван сон. И ете неговата вдахновена песна ја развеваат ветровите низ таа света земја „која сите нас не вика / да умреме со светлата надеж / на нашите свети дедовци, / оти твојот бог ќе се огледува / во на Вардар брзите води“.

Во песната „Го љубам родниот крај“, стих кој се повторува како рефрен, Евгени Стаматов,16) копнее за мајката робинка. Чудните спомени бликнуваат од душата и како блескотни ѕвездички заискруваат и умираат. „Ноќта го развева траурното знаме. / и гони мрачни сенки по белиот склон. / Незапирно ме носат бескрилните мечти: / кон родната стреа, кон родниот дом“. Ја здогледува пак родната куќа каде за прв пат ја поздравил родната ѕвезда, а до неа боровите со искршени гранки жалсоно го гледаат со безгласна тага. Елегичната нагласка прераснува во вечен копнеж. Се поставува прашањето дали некогаш воопшто ќе се врати „кај тебе родна, мајчинска земја“. Мајката и татковината кај Стаматов, како и кај Григоров, Огњанов и Коњаров, се обединуваат со еден единствен знак на сопствениот родов корен. Заминува уште еден ден од „мојата крвава мака, Татковино“, крикнува поетот, а таа расте и се разгорува, та ги здогледува пред неа молитвено скрстени нејзините бледи раце.

Татковината има свој простор и време, свое минато и историја, сопствено име и народ. Од нејзините вековни буни и востанија, од борбата за изборување на сопствените национални и социјални права и слободи Константин Коњаров татковината ја воспева со епопејата на „Илинденнци“.17) Во старите пожолтени фотографии на кои се неговите чичковци „селани прости в ајдучка гора“ ги препознава борците кои во своите раце цврсто ги грабнале мартинките, а во погледот им грее блескотната зора. Ветрот го разгласува повикот за „страшната битка“, за востанаието кое нуди единствен избор: слобода или смрт. Републиката имаше краток век. „Краток празникот беше... В адски страдања / гине народот од камен потврд“. Поетот со одбрани зборови и со немерлива љубов кон татковината ја запишал сопствената историја за татковината.

Татковината постојано ги довикува своите чеда. Таа копнее и страда за нив, верува и се надева во нив, а тие не само со мислите, туку како да станале вечни патници заврвени кон неа. Во песната „Ноќ кон Македонија“ Серафим Григоров,18) во првата строфа впечатливо го воспева тој неизвесен, опасен и трнлив пат. „Ноќта разргна нечујно / широки трепетни крила- / по патот залегна темнина... / Чекорам... Ми потона гласот некаде / и си личи чудната гора / ко надеж изгубена насекаде“. Мрачната ноќ е закрилник на несреќниот патник. Тој има

цел, неговата намера е да се стигне во домашното огниште. Точно знае оти каменот си тежи само на неговото место. „Под тие бледи светлини / гората не пречекува ко судба своја, / и во нејзините мрачни осои / далечно, тајно ехо одѕвонува / и в мака стенкаат темни гранки: / - дали, дали кон Македонија?“

Христо Огњанов во песната „Навраќање“,19) ја испишува сопствената лирска автобиографија. Сам и несреќен скита по светот и се обраќа кон татковината „пречекај ме, о, мајко света“. Никаде не нашол место каде би можел со радост да се одмори, а никој не го поканил со „влезете, господине“. А срцето горело во оган со разкрилените стремежи, само тагата по неа го мачела и му го одбележувала патот. Тој пат му влева надеж, кон неа ги подава рацете а во нив и ги подава нештата што таа му ги дала „своето трепетно срце / својата бурна младост“. И завршува со повторена молба својот тивок и покаен син, „прими го, о, мајко света“ да не скита „сам самичок / со мака по земјата“. Патот е еден и единствен до едната и единствена татковина. Така пее и Евгени Стаматов во трите катрени „Ние идеме“.20) Кога јужниот ветер лесно ќе повее и кога лисјата ќе ги прошепотат таговните зборови, тогаш од далечините се појавува мајчинскиот лик и ги испраќа своите поздрави од „родната земја“. Татковината кон која се обраќа директно „ти тажна си мајко“, стенка во маки и во ропство, бара заштита и братска помош. А неа ја делат и ја распарчуваат од сите страни. Поетот ја соопштува историската вистина оти „но твоите маки, о мајко, невина, / се гледаат бездушно од целиот свет“.

Татковината се сака и се брани со сопствена борба и со сопствени жртви. Оттука и насловот е повик „Ние идеме“, та мајката нека ги очекува со смирена мака, зашто идат нејзините чеда со света мисла и со татковинскиот завет „крвта своја да ја пролееме во борбата за тебе“. Константин Коњаров во песната „Кон градот на моите родители“,21) и по многу децении, со натежнати години и со мудроста како да раѓа повеќе житото, стигнува во градот. „Ме пречека, Скопје - / град на моите родители - / ме пречека ко гостин, / мене - старозагорецот, / Бугарин / со немирна македонска крв“. Оваа според нас тестаментална песна за слободниот човек како елементарен предуслов за среќен човек е децидно одредена во втората строфа.„Јас со тебе ќе разговарам / на јазик, со кој сум задоен, / не јазик, а штит и меч, / не јазик, а песна / и за мака, и за радост“. Роден во Стара Загора, од родители обајцата по националност Македонци, никогаш не ја видел како што милуваше да каже својата татковина Македонија, но прекрасно го знаеше мајчиниот јазик кој бил и единствениот јазик во нивниот дом.

Заминувањето ги има срдечноста и верноста на доаѓањето. „Ме испрати, Скопје- / град на моите родители- / ко свој ме испрати! / Има место во моето срце- / најдостојно - и за тебе - / до градот - од дебарчани / над рушевини издигнат“. По стиховите на Коњаров секако, непотребни се било какви коментари по прашањето за дводомните писатели. Родени во туѓина, тие живеат со копнежите за својата татковина Македонија, живеат и опстојуваат во татковината Бугарија, подеднакво и взаемно им припаѓаат и на едната и на другата. Живеејќи и создавајќи во тековите и традициите на бугарската литература, користејќи го како израз бугарскиот литературен јазик, ја имале и таа среќа да бидат во еден поетски град каква што е Стара Загора. Да бидат современици, соседи, пријатели и соработници со значајни творечки имиња во бугарската литература, какви што се Кирил Христов, Димитар Подврзачов, Гео Милев, Иван Хаџихристов и Иван Мирчев. Како млади автори имале од кого и што да научат, та тие не биле само нивна омилена лектира, туку и автори кои пресудно влијаеле во нивното творечко профилирање.

Во песната „Химна“ Кирил Христов непосредно и првично создава моќна и блескотна поезија која е туѓа на декадентната замореност и раснежнетост. Ги воспева радоста од животот, сетилната наслада од љубовта, создава слики од подвижна и променлива природа кои се во идеална хармонија со внатрешните поетови доживувања. „Пред мене нов нов живот се отвора денес, / со нов трепет ме опива срцето- / несопирливо духот мој полетува / кон среќа, бури и немири: / пијан јас од своите младини / и возбуден од мерка во себе носена: / жени и вино! Вино и жени!“ Радостите и убавините од животот се потрага и на Серафим

Григоров во песната „Грешник“. Очите се немирни и во спокојството на бескрајно долгата и влажна ноќ поетот ја прави сопствената идентификација: „Јас молкум чекам да ги отвори / ноќта вратите на светот / и во таа тишина света / да гаснат сините простори. // И во таа тишина без страв и / тревога ќе прошепотам што бев: / верувај ми, јас тебе те очекував / во мигот кога ме спопадна грев“.

Романитчните погледи на Иван Мирчев во неговата поетска „Биографија“ како да го отвораат прозорецот кон реалноста и нејзините социјални проблеми. Така пред да ја напише својата биографија ќе причека да престане дождот над куќите и над киното, како остаток од неговото рано творештво кое било поврзано со традициите на симболизмот, киното како одраз на животот. Лопатите на бурата ќе се заријат во нараснатата тиња, веднаш за таа акција се зема нов здив. За опомена, се да мине и сите нешта да започнат од почеток. Потоа спокоен го отвора срцето на минатото од дрвената стреа. Се потсетува на годините, на брановите кои се прекршувале во карпите, па среќен тогаш да онемее „кога ветровите се соблекуваат / и седнуваат на трпеза моја тивка, / за да ја раскажат мојата одисеја“. Хуманистичките и демократските идеали на Мирчев, се содржани и во четирите катрени „Желба“ на Христо Огњанов. Некогашните трагични расположенија постепено се заменуваат со духовна харомонија, виталност и социјална спротивставеност.

Во почената строфа поетот опијанет од пролетното сонце и бестрашно исправен на коњот во ајдучката темна планина посакува пак ветрови и лисја да гони. Да го почувствува животот како крик по „нерви и жили“, како под него коњот бревта, како бегаат селата и гробиштата. Под искричавите копита на коњот да се згази насобраната тага, та „да грејне пак ликот мил / на мојата младост честита”. Револуционерната традиција со ајдуците во првата, во завршната строфа ги заокружуваат татковинските аманети со лудиот возлик е-еej од „села, шуми и другари, / како слободно се дише и пее / кај вас, о познајници стари!” Тивок и доследен, искрен и справедлив Огњанов ги гради своите врски и односи со реалноста. Станува збор за лирика и кај Мирчев и кај Огњанов со нови мисли, со многу чувства, хуманистички расположенија, реализам и жизнерадосен патос.

И во песната „Дневник” Гео Милев до совршенство ги покажува авторските правила и возбуди на индивидуализмот и естетиката. „Сега е многу доцна. Збогум. / (Зашто многу те сакам!)” го почнува поетскиот изпис. Доцна е за сите нешта: денот, ноќта, и тој, и таа, и за задоцнетата насмевка. Јалова е ноќта, зашто срцето не чека тајна. „(Јас или таа бледна вечер- / но бледнината е бескрајна!) / Разбирам. Знам. Нема тајна. / Сега е навистина доцна веќе”. Серафим Григоров во својата „Желба” ја здогледува неа „на меѓата изгубена во трње” додека лицето и гори од вечерта и нежностите. Она доцна веќе на Милев, кај Григоров ја има сопствената димензија: „И кога стрмогалво во летот / удолу ти го ѕвезда паѓаш / тоа над земјата и светот / од тебе злато ќе ги гаѓа”. Хаотичноста и неразбирливоста од „Дневник”, симболистички по содржина и експресионистички по градба и стил дотекуваат и во „Желба”. Посебно во завршната пета строфа. „Не веруваш нели? Една желба / сепак во очите ти гори, - / последните сончеви зраци / те галат, - те облеале и те боли”.

Лирскиот херој на Иван Хаџихристов во „Гибел” има посебна чувствителност, тој е лесно ранлив од суровоста на животот. Но на поетот не му е туѓа романтичната сликовитост, хуманистичките и демократските расположенија. Почетните стихови се признание оти „достоен не сум да минам, / душа на твојот јасен брег,- / Гинам јас в црни руини / во тој безпределен мрак, / меѓу кои сум грешен блудник / и Каин е една мечта”. Со јасен поглед и вљубен во убавината Константин Коњаров песната „Самочуствие” ја почнува исто така исповедно: „Пред вратата на смртта бев. / Оздравев. / Оживеав по којнзае кој пат? / Ќе живеам. / Нежен оган ме гали / и ме топли. / А жилката во срцето / својот верен пулс го најде”. Личниот и општествениот оптимизам уверливо ги одразуваат проблемите на современоста во која се опстојува.

Во пародијата „Татковина” Димитар Подврзачов почнува оти ја љуби татковината како жена. А таа го повлекла со безброј оглавници „о, малечка, убава земја / на изветреаните државници”. Детски жалосна била била таа и во ропство и во слобода. И пак ја сака како

жена со илјадници магични убавини, земја на алчни усти кои постојано се колнат оти во борба за неа ќе загинат, како жена со илјадници ветувања на општрограѓански молк. Севкупното творештво на Константин Коњаров е под знакот на хуморот и сатирата. Едноставно би рекле како да чекори по трагите на својот сограѓанин. Татковината како сакана жена прераснува во мислата и смислата за мајката. Но, сега следиме еден обратен процес. Наспрема татковината во која живее и која му го загорчува животот, поетот низ нагласена лирска постапка заскитал во светот на чудесното и таму во прекрасното се игубил. Едноставно побарал „Мајка млада да ја видам" и еден ден му се остварил сонот на стари години да дојде во татковината на своите родители. За неа пеел со децении, мислел и ја сонувал, жедувал и за таа своја татковина чии традиции и континуитет ги доживеал со поставката на народни носии во Етнографскиот музеј во Скопје.

Песната ја земаме како илустрација и за болката на откорнатиците Серафим Григоров, Евгени Стаматов и Христо Огњанов. Теми и мотиви кои го исполнуваат нивното поетско дело. Младоста и убавината се симболи за татковината. Тие ги крепат мислите и чувствата, ги лекуваат срцето и душата. „Барајќи мама млада да ја видам, / барав убавината нејна да ја ѕирнам. / Како потајум за младоженец копнеела, / како кошула невестинска ткаела". Има многу прашања и постојат безброј тајни за одгатнување. Дали ќе се добијат потребните одговори не се знае. „Па да ја подраспрашам, и да прашам: / „Тебе неуката кој те научи / со тенка игла убавина да создаваш, / убост невестинска в магичност да грее". Светлината и мајчинскиот збор ги исполнуваат човекот, животот и светот. Тие се вековити и лековити. Ги откриваат нив и последните стихови. „Тука во чудесното се загубив, / но и мама тука одново ја преоткрив. / Тука јас од среќа горко заплакав".

Пеејќи за својата невидена и непочувствувана татковина (Григоров, Стаматов, Коњаров) или низ судбината на откорнатикот (Огњанов) тие своето книжевно дело го исполнуваат и го осмислуваат со македонски теми и мотиви. Тоа им припаѓа на нивното природно човечко право за националната мисла и смисла на сопствената опстојба и непокор. Стара Загора исто така, е нивна голема љубов, градот на поетите и на липите кому му се посветени повеќе книги.22) Освен Константин Коњаров, зошто во тие антологиски и посебно во тематските избори ги нема Григоров, Стаматов и Огњанов!? Ги заборавиле или едноставно не чуле за нив!? Но оставиле траги кои макотрпно го изодуваат патот до светлината на денот на која најдобро можат да се идентификуваат многу вистини. Останува обврска идната поцелосна елаборација на македонскиот старозагорски поетски круг кој во сопственото време и со своите резултати предизвикал поширок книжевен и општествен интерес.

**Литература**


*Писмо од Константин Коњаров до Васил Тоциновски*, од Стара Загора, датирано само со 1995 година.

*Писмо од К. Коњаров*, 2 октомври 1995 година, Стара Загора.

Родина, София, год. 3, бр. 11, 27 априлъ 1929 год., стр. 6.

Родина, София, год. 7, бр. 6, мартъ 1933 год., стр. 15.

Родина, София, год. 5, бр. 2, октомврий 1930 год., стр. 15.

Родина, София, год. 5, бр. 4, декемврий 1930 год., стр. 14-15.

Родина, София, год. 5. бр. 8 и 9, априлъ и май 1931 год., стр. 17.

Родина, София, год. 7, бр. 1, октомврий 1932 год., стр. 14.

Родина, София, год. 3, бр. 6, 15 февруарий 1929 год., стр. 4.

Родина, София, год. 3, бр. 7, 1 мартъ 1929 год., стр. 4-5.

Родина, София, год. 4, бр. 1 и 2, 15 януарий 1930 год., стр. 17-19; бр. 3, февруарий 1930 год., стр. 11-12; бр. 5, априлъ 1930 год., стр. 10; год. 4, бр. 6-7, май 1930 год., стр. 12-13.

Родина, София, год. 2, бр. 3, ноемврий 1927 год., стр. 16, 14.

Серафим, Григоров. *Песни.* Книжевна академија, Скопје, бр. 1, пролет 2003, стр. 63-74.

Христо Огняновъ, *южни ветрове*, Книгоиздателство Т. Ф. Чипевъ, София, 1938, стр. 46.

Христо Огняновъ, *Къмъ родината*, Родина, София, год. 7. бр. 1, октомврий 1932 год., стр. 3.

Евгений Стаматовъ, *Обичамъ родния кътъ*, Родина, София, год. 3, бр. 14, 15 юний 1929 год., стр. 6.

Константин Коняров, *Самочуствие*, Стара Загора, 1996, стр. 21.

Серафимъ Григоровъ, *Нощь къмъ Македония*, Родина, София, год. 3, бр. 1, 1 декмеврий 1928 год., стр. 2.

Христо Огняновъ, *Заврщане*, Родина, София, год. 6, бр. 9, юний 1932 год., стр. 13.

Евг. Стаматовъ, *Ние идемъ*, Родина, София, год. 2, бр. 7, мартъ 1928 год., стр. 12.

К. Коњаров, *Самочуствие*, стр. 14; истото во Песни на Скопје, предговор и избор Васил Тоциновски, изд. Дирекција за култура и уметност, Скопје, 2000, стр. 181.

*Градът на мечтите*, Стихове за Стара Загора, съставителство и редакция Стоян Стаев и Христина Илиева, изд. Опщински народен свет, Стара Загора, 1989, стр. 62; Градът на поетите, Антология от стихотворения на старозагорски творци, подбор и опща редакция Иван Гранитски, изд. „Захарий Стоянов”, София, 2000, стр. 258; Стара *Загора градът на поетите*, антология, съставител Георги Янев, изд. Макрос, Пловдив, 2002, стр. 215.